РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање мислење од страна на Управата за заштита на културното наследство, со кое од Државната комисија се бара мислење дали постои судир на интереси во следниот случај:
Административниот службеник, вработен во Управата за заштита на културното наследство на работно место советник за архитектонско и индустриско културно наследство доставил до В.Д. директорот на Управата барање за изземање од постапување по доделен предмет – Барање за издавање Конзерваторско одобрение за реализација на Основен прокет за реконструкција на куќата на Дуцкиновци во с. Вевчани, со образложение дека во стручниот тим кој го изработил доставениот Основен проект за Куќата на Дуцкиновци учествувало лице со кое службеникот е во роднинска врска до четврти степен.
Заради наведената ситуација административниот службеник барал да биде изземен од постапување по доделен предмет според член 25 став 1 алинеја 2 од Законот за општа управна постапка: - службеното лице со странката или со застапникот на странката е роднина по крв во права линија или роднина по крв во странична линија заклучно до четврти степен, брачен другар или партнер од вонбрачна заедница, или роднина по брачниот другар заклучно до втор степен, дури и тогаш кога брачната односно вонбрачната заедница престанала.
Со цел правилна примена на член 25 став 1 алинеја 2 од Законот за општа управна постапка од Управата се бара мислење дали административниот службеник треба да биде изземен од горенаведениот предмет доставен од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид и дали во иднина треба истото лице да се иззема од сите останати предмети кои се однесуваат на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, со оглед на тоа дека административниот службеник до сега немал пријавено дека има роднина и има изработено предмети доставени од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Адреса: „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во конкретниот случај за кој се бара мислење Државната комисија смета дека треба да се има во предвид следните одредби од Законот за спречување на корупција и судир на интереси:

Член 4 - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Член 8 став (7) го утврдува значењето на поимот „интегритет“:
„Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции“.
Согласно став (9) од истиот член „под поимот „јавно овластување“, се подразбира овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес“, додека став (10) утврдува дека „под поимот „службена должност” се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице“.

Член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 8 став (2) од истиот закон: Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно член 8 став (4): „Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија

до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес."

Во конкретната ситуација, се работи за службено лице вработено во Управата за заштита на културното наследство на кое е доделена работна задача за изработка на Конзерваторско одобрение за реализација на Основен проект за реконструкција на Куќата на Дуцкиновци во с. Вевчани, но во стручниот тим кој го изработил доставениот Основен проект за Куќата на Дуцкиновци учествувало лице со кое службеното лице е во роднинска врска до четврти степен.

Имајќи го во предвид тоа, дека лицето кое учествувало во стручниот тим за изработка на Основниот проект е блиско лице со службеното лице согласно член 8 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, доколку не се иззема службеното лице од доделената работна задача претставува можност за влијание на приватниот интерес на службеното лице врз непристрасното вршење на јавните овластувања/службени должности, односно доведување во состојба на судир на интереси и постапување спротивно на законски утврденото начело на интегритет.

Согласно се претходно наведено, Државната комисија известува дека службеното лице треба да биде изземено и во иднина од доделени предмети за работа кои се поврзани со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид меѓутоа каде е или ќе биде вклучено неговото блиско лице.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**